Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
бр УП-I-10-7
07.03 2022 год.
РЕСЕН

ДО:
Центар за граѓански комуникации
Бул. Кочо Рацин бр. 26/1-2
Скопје

**Предмет: Достава на одговор, Информации од Јавен Карактер**

По Вашето барање евидентирано под бр УП-I-10-7 од 03.03.2022, Дезинфекција на простории за гласање за спроведување на локални избори со соодветни средства согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата Ковид-19 , Општина Ресен согласно член 20 став ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на СРМ“ бр. 101/19), постапи по Вашето барање Општина Ресен, Ви го доставуваме одговорот на вашето барање, во прилог целокупната документација за јавна набавка, Дезинфекција на простории за гласање согласно протоколи за Ковид-19.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

Република Македонија Општина Ресен

Службено лице: Аријан Лумани

Контолирал: Зухра Алиовска

Одобрил: Дијана Кремшовска

**ОПШТИНА РЕСЕН**

**интерно**

**Сектор за правни и општи работи и јавни дејности**

**Одделение за правни и општи работи**

Бр.10-сл

14.10.2021 година

**До**

**Сектор за финансиски прашања**

**Одделение за буџетска координација**

**Предмет: Барање податоци**

За спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на Услуги – **Дезинфекција на простории за гласање за спроведување на локални избори со соодветни средства согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата со Ковид – 19** потребни ни се податоци колку се обезбедени средства во Буџетот на Општина Ресен за 2021 година за оваа постапка.

**Сектор за правни и општи работи**
**и јавни дејности**
Дијана Кремшовска

Изработил: м-р Добрина Ќулумовска Инџевска

Контролирал: Пом.Раководител на сектор Зухра Алиовска

Примил: [illegible] 14.10.21

ОПШТИНА РЕСЕН

**ИНТЕРНО**

Сектор за финансиски прашања
-Одделение за буџетска координација-
Бр. 12- Сл.
14.10.2021 година

ДО
Сектор за правни и општи работи и јавни дејности
-Одделение за правни и општи работи

ПРЕДМЕТ : Достава на податоци

Во врска со Вашето барање бр.10-Сл. од 14.10.2021 година, за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги – **Дезинфекција на простории за гласање за спроведување на локални избори со соодветни средства согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата со Ковид - 19**, во Буџетот на Општина Ресен за 2021 година, се предвидени 240.000,00 денари со вклучен ДДВ.

По овластување на Градоначалник,
Даниела Апостоловска

Изготвил:
Шермин Салиевска
Контролирал:
м-р Елена Стојановска Радевска

ОПШТИНА РЕСЕН

До

Сектор за правни и оптши работи и јавни дејности
Одделение за правни и општи работи

ПРЕДМЕТ: Барање за јавна набавка со технички спецификации со образложение за набавката, предлог услови за квалитативен избор и критериуми за избор на најповолна понуда – ПОСТАПКА СО ПРЕГОВАРАЊЕ БЕЗ ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС согласно член 55 став 1 точка г од ЗЈН.

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**Технички спецификации**

**1:ЦЕЛ**

Целта на набваката е преземање на мерки со цел овозможување на безбедно користење на просториите наменети за спроведување на гласањето на локалните избори 2021 година на територијата на Општина Ресен.

Јавната набавка се спроведува согласно дописот доставен од Државната изборна комисија, со бр.11-2323/1 од 29.09.2021 годинасо кој се налага, изборниот процес кој треба да се одржи 17 октомври 2021 прв круг на гласање и 31 октомври втор круг на гласање, целосно да биде спроведен со преземање на сите мерки за справување со Ковид пандемијата. Во истиот утврдено е дека дезинфекцијата треба да се спроведе со соодветни средства, согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата со Ковид 19, со што просториите повторно ќе може да се користат во најкраток можен рок. При спроведување на истите треба да се има во предвид дека значителен дел од избирачките места се наоѓаат во училиштата во кои треба да се спроведе настава со физичко присуство, наредниот ден по гласањето.

Активноста на спроведување на дезинфекцијата треба да овозможат целосна заштита и превенција од можнота зараа со вирусот Ковид 19, и да биде извршена на начин кој ќе овозможи непречено одвивање на изборниот процес.

**2.СРЕДСТВО**

При извршување на дезинфекцијата на просториите на избирачките места треба да се користат средства од листата на хемиски препарати призанто за ваков вид на намена. Понудувачот е должен заедно со понудата да достави и декларација на средството за дезинфекција како и препораки за негова примена

3.МЕСТО

## ЛОКАЦИЈА НА ИЗБИРАЧКИ МЕСТА

| ИМ | ОБЈЕКТ | АДРЕСА |
|---|---|---|
| 1624 | ОУ – с. Болно | |
| 1625 | с..Горно Дупени | |
| 1626 | ОУ- с. Горна Бела Црква | |
| 1627 | ОУ-с . Долна Бела Црква | |
| 1628 | Приватен објект с. Евла | |
| 1629 | С. Златари (поранешно училиште) | |
| 1630 | ОУ – с.Избишта | |
| 1631 | ОУ – с.Јанковец | |
| 1631/1 | ОУ – с.Јанковец | |
| 1632 | С. Козјак (поранешно училиште) | |
| 1633 | С. Кривени( селски дом ) | |
| 1634 | С. Лева Река | |
| 1635 | ОУ – с. Сопотско | |
| 1636 | С. Крушје ( селски дом) | |
| 1637 | ОУ – Гоце Делчев ( Ресен ) | Ул.Мите Трповски |
| 1638 | ОУ – Гоце Делчев ( Ресен ) | |
| 1639 | ОУ – Мите Богоевски ( Ресен) | Ул. 29 Ноември |
| 1640 | ОУ - Мите Богоевски ( Ресен) | |
| 1641 | ОУ - Мите Богоевски ( Ресен) | |
| 1642 | Стара Пожарна ( Ресен ) | |
| 1643 | Стара Пожарна ( Ресен ) | |
| 1644 | Општинска зграда ( Ресен ) | Плоштад Цар Самоил бр 20 |
| 1645 | Општинска зграда ( Ресен ) | |
| 1646 | Општинска зграда ( Ресен ) | |
| 1647 | Општинска зграда ( Ресен ) | |
| 1648 | с. Љубојно | |
| 1649 | с. Брајчино | |
| 1650 | с. Долно Дупени | |
| 1651 | ОУ – с. Наколец | |
| 1652 | ОУ – с. Крани | |
| 1653 | ОУ – с. Штрбово | Мирче Ацев 31 |
| 1654 | Селски дом с. Претор | |
| 1655 | ОУ – с. Сливница | |
| 1656 | с. Асамати | |
| 1657 | с. Рајца | |
| 1658 | с. Курбиново | |

| | | |
|---|---|---|
| 1659 | с. Грнчари | |
| 1660 | с. Подмочани | |
| 1661 | ОУ - с. Царев Двор | |
| 1662 | ОУ – с.Езерени | |
| 1663 | ОУ- с.Дрмени | |
| 1664 | Селски дом с. Перово | |
| 1665 | Селски дом с. Лавци | |
| 1666 | ОУ – с. Покрвеник | |
| 1667 | Приватен објект с. Прељубје | |
| 1668 | с. Волкодери | |
| 1669 | с. Шурленци | |
| 1670 | ОУ – с. Стење | |
| 1638/1 | ОУ – Гоце Делчев( Ресен ) | Ул.Мите Трповски |
| 1640/1 | ОУ – Мите Богоевски ( Ресен ) | Ул. 29 Ноември |

1. Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на следните стоки/**услуги**/работи **со наведените технички спецификации /предмер**:

Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на **Дезинфекција на простории за гласање за спроведување на локални избори со соодветни средства согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата со Ковид – 19** за потребите на Општина Ресен – Општинска изборна комисија, согласно член 55 став 1 точка Г услугите предмет на оваа набавка мора целосно да одговараат на техничките карактеристики дадени во оваа документација.
Договорниот орган, ќе се пристапи кон преговарање се ЕО кои доставиле свои понуди во предвидениот рок и кој во целост ги исполнуваат условите утврдени во тендерската документација и техничката спецификавија. За преговорите ќе се води записник во кој понудувачите ќе се изјаснат околку конечноста на доставената финансиска понуда.

2. Образложение за потребата од набавката (во согласност со член 77 од законот) и Итност на барањето со образложение (се пополнува во случај на итност на потребата, при што се образложува детално причината за потребата):

**Општина Ресен заради крајна итност поради настани кои општината не можеше да ги предвиди, а се однесуваат на обезбедување на услови за безбедно спроведување на постапката за гласање на избирачките места во општина Ресен за локалните избори 2021година, за сите учесници во избирачкиот процес според утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата со Ковид – 19, бидејќи може да биде загрозени животот и здравјето на луѓето.**

3. Предметот на набавката е **неделив**. (образложение за неделивост или наведување на делови со предвиден износ во согласност со член 78 од законот), **бидејќи е истородна набавката.**

4. Пресметана проценета вредност (пресметана вредност по ГПЈН, во согласност со член 39 од Законот или коригирана вредност доколку сметате дека таа треба да се промени и зошто): **203.389,83 без вклучен ДДВ, процент 18% и износ на ДДВ 36.610,17 денари**

5. Рок на испорака на стоките **/за извршување на услугата/**за изведување на работите (да се наведат денови или месеци за испорака , еднократна или сукцесивна испорака, како и моментот од кога почнува да тече рокот):

**- Начин на плаќање: вирмански.**
**- Рок на плаќање: во рок од 60 дена по доставување фактура во архивата на договорниот орган за извршените услуги.**

6. Начин на испорака / **извршување на услугата**/ изведување на работите (како одредба од договорот кој ќе се склучи):

**- Носителот на набавката е должен услугата предмет на договорот да ја изврши на сите избирачки места кои се дадени во техничката спецификација и тоа;**
**- 24 часа пред одржување на гласањето и во рок од 5 часа по завршување на изборниот процес во секој круг поединечно.**

7. Гарантен период на стоката/ изградбата/ извршување на услугата (се наведува минимален период, односно период на гаранција согласно периодот кој го обезбедува производителот, доколку е потребно):/

8. Други видови на гаранции (доколку е потребно обезбедување со други видови на гаранции се наведува видот и висината на гаранцијата, во согласност со член 104 од законот):/

9. Електронска аукција: не

10. Договорот за јавната набавка ќе биде со времетраење од : *1 месец*

11. Место на испорака на стоката/**извршување на услугите**/изведување на работите:

    На просториите наменети за спроведување на гласањето на локлните избори 2021 година на територијата на Општина Ресен.

12. Начин на плаќање:
**Начин на плаќање: вирмански.**
**- Рок на плаќање: во рок од 60 дена по доставување фактура во архивата на договорниот орган за извршените услуги.**

1. УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

    1. Услови за утврдување способност на економскиот оператор – Услови за квалитативен избор на економските оператори се (член 89 од законот):

а) **Способност за вршење професионална дејност** (задолжително за сите постапки) :

- **образец за регистрирана дејност и**
- **Одобрение за вршење на дејност дезинфекција, дезинсекција и дератизација** согласно Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и

„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/20) и **Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата, кадарот, начинот и средствата за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација** (Сл.весник на РМ бр.152/07 и 101/13) .

(се пополнува само доколку покрај регистрирана дејност економскиот оператор треба да исполни и посебни услови за вршење на дејноста пропишани во согласност со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка : лиценци, овластувања и др, при што се наведува и документот со кој се докажува исполнетоста на условот ).

б ) **Економска и финансиска способност** (како можност се опциите наведени во член 91, а документите за докажување на способноста се наведени во член 95 став (7) од ЗЈН. Оваа способност **е опционална** ):/

(да се наведат условите кои се бараат и документите со кои ќе се докаже исполнувањето на условот).

(**НАПОМЕНА:** Договорниот орган не смее да бара минималниот годишен приход да изнесува двојно повеќе од проценетата вредност на набавката. **)**

в) **Техничка и професионална способност** (како можност се опциите наведени во член 92, а документите за докажување на способноста се наведени во член 95 став (8) од ЗЈН. Оваа способност **е опционална** ):/

(да се наведат условите кои се бараат и документите со кои ќе се докаже исполнувањето на условот).

2. Стандарди за системи за квалитет (овој услов доколку се бара треба да се дефинира во согласност со член 94 од ЗЈН. Оваа способност е **опционална**):/

( Доколку се бара да се наведе број на стандардот и образложение)./

3. Стандарди за управување со животна средина (овој услов доколку се бара треба да се дефинира во согласност со член 94 од ЗЈН. Оваа способност е **опционална** ):/

/

( Доколку се бара да се наведе број на стандардот и образложение).

3. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

1. Критериум за избор на најповолна понуда (член 99 од ЗЈН):

Економски најповолна понуда се утврдува врз основа на:

- **Цената;**

(за секој предложен критериум да се наведат бројот на бодови на критериумот, односно подкритериумот - доколку некој критериум има подкритериуми, да се дефинираат условите кои за секој од критериумите /подкритериумите треба да бидат исполнети за доделување на бодовите , како и документи со кои ќе се докаже исполнетоста на конкретниот услов ).

Други неопходни информации за обезбедување на целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката:

## *4.* ФИНАНСИСКА ПОНУДА

| | **Опис** | **Един. мерка** | **Кол.** | **Ед.цена без ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ** | **ДДВ** | **Вкупна цена со ДДВ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Дезинфекција на простории со средството наведено во техничата спецификација или средство утврдено надлежен орган за ваков вид намена** | **ИМ** | **1** | | | | |

| | |
|---|---|
| **Вкупна цена без ДДВ:** | |
| **ДДВ:** | |
| **Вкупна цена со ДДВ:** | |
| **Со зборови:** | |
| | |

III.1. Вкупната цена за нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: ______________________________ *[со бројки]* (______________________________) *[со букви]* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува ______________.

III.3. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**НАПОМЕНА: Понудувачите во финансиската понуда доставуваат цена по ИМ а вкупната вредност на договорот ќе биде утврдена врз база на бројот на ИМ врз која е извршена услугата**

Предлог за членови на комисија за јавни набавки :

Кристина стојчевска-претсед.
Булент Сулооџа
Татјана секулоска

Златко Чаталовски-заменик претсед.
Николче Шушевски
Кети Чачоровска

Предлог за назначување надворешно стручно лице: /

Датум: 14.10.2021

Раководител на Организациска единица

____________________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**
**Број** 11 – 2323/1
**29.09.2021 година**

Здружение на општини Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија
Shoqata e komunave Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
ЗЕЛС Скопје - BNJVL Shkup

| Примено: E pranuar | 30.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlerë |
| 0302 | 838 | | |

**ДО:**
**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**
ул. „Копенхагенска 5" 1000 Скопје

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во пресрет на Локалните избори кои треба да се одржат на 17 октомври 2021 година за прв круг на гласање и 31 октомври 2021 година за втор круг на гласање, а имајќи во предвид дека изборниот процес се спроведува за време на прогласена епидемија/пандемија, Ве известуваме дека заради заштита на јавното здравје потребно е општините пред и по завршување на гласањето на денот определен за одржување на изборите да спроведе дезинфекција на просториите во кои се одржува процесот на гласање.

Дезинфекцијата треба да се спроведе со соодветни средства, согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата со Ковид - 19, со кои просториите повторно ќе може да се користат во најкраток можен рок, а со оглед на тоа дека голем број избирачки места се наоѓаат во училишта во кои треба да се спроведе настава со физичко присуство, наредниот ден по денот на гласањето.

Воедно Ви укажуваме дека согласно член 88 став (4) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06....27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19....74/21), за спроведување на локалните избори, средствата се обезбедуваат од буџетот на општината и градот Скопје и со нив располага општинската изборна комисија, односно изборната комисија на градот Скопје, а средствата за изборниот материјал се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.

Имајќи ја предвид горе цитираната законска одредба ви укажуваме дека при организирањето и спроведувањето на претстојните Локални избори 2021 година, сите трошоци поврзани со изборните органи (Општинската изборна комисија и Избирачките одбори) како и трошоците за транспорт на изборниот материјал и членовите на избирачките одбори од ОИК до избирачкото место каде што ќе се врши гласањето, како и трошоците за транспорт на изборниот материјал по завршување на гласањето од ОИК до Државната изборна комисија, се на товар на буџетите на единиците на локалната самоуправа (општините и град Скопје).

Поради наведеното, потребно е преку вашата организациона единица за јавни набавки да спроведете постапка за јавна набавка за избор на економски оператор кој ќе изврши транспорт на изборниот материјал и членовите на избирачките одбори од ОИК до избирачкото место каде што ќе се врши гласањето и назад до ОИК, како и за транспорт на изборниот материјал по завршување на гласањето од ОИК до Државната изборна комисија.

Општинската изборна комисија како изборен орган нема надлежност за спроведување на постапка за јавна набавка за транспорт на избирачки материјал на локално ниво.

Во однос на транспортот на изборниот материјал на локално ниво потребно е во координација со вашата ОИК да изготвите план за транспорт кој ќе го применувате во текот на спроведувањето на претстојните Локални избори 2021 година.

Со почит,

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Александар Даштевски**

Изготвил: ПТ Александар Данилов
Андреј Ангеловски
Проверил: Ангелчо Ристов

Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. 09-2061/1
15.10.2021 год.
РЕСЕН

ЛИСА-КОМ МС Кавадарци
Ул. Рајко Жинзифов Бр.25
Бр. 25/21
15.10 2021 год.
КАВАДАРЦИ

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА ЗДРАВСТВЕНА УСЛУГА ЗА Дезинфекција

**Договорни страни**

1. **Општина Ресен,** со седиште на Плоштад Цар Самоил, бр. 20 Ресен, законски претставувана од страна на градоначалникот Живко Гошаревски, (во понатамошниот текст „Договорен орган“, односно, „Нарачувач“) од една страна и

2. Друштво за производство, градежништво, инженеринг, трговија и услуги **ЛИСА-КОМ МС ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци, со седиште на адреса:** ул.Рајко Жинзифов бр.25 Кавадарци, Даночен број: 4011002122185 и ЕМБС: 5635551, застапувано од Одговорно лице: Митров Стојан (во понатамошниот текст „Носител на набавката“) од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски од **јавната набавка за вршење на ЗДРАВСТВЕНА УСЛУГА - дезинфекција на простории за гласање за спроведување на локални избори со соодветни средства согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата со Ковид – 19** за потребите на Општина Ресен – Општинска изборна комисија, кој се спроведе согласно член 55 став 1 алинеја г и став 6 и 9, со **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас,бр.01/2021 од 14.10.2021 година и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.09-2054/10 од 15.10.2021 година.**

Јавната набавка се спроведува врз основа на дописот доставен од Државната изборна комисија, со бр.11-2323/1 од 29.09.2021 година со кој се налага, заради реализација на изборниот процес кој треба да се одржи **17 октомври 2021 прв круг** на гласање **и 31 октомври втор круг** на гласање, потребно е истиот целосно да биде спроведен со преземање на сите мерки за справување со Ковид пандемијата и дека дезинфекцијата треба да се спроведе со соодветни средства, согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата со Ковид 19, со што просториите повторно ќе може да се користат во најкраток можен рок.

**Член 2**

Вредноста за спроведување на мерката **Дезинфекција** по избирачко место изнесува 4.067,79 денари без ДДВ, односно 4.799,99 денари со 18% ДДВ.

**Вкупната вредност** на Договорот за 50 избирачки места изнесува 203.389,83 денари без ДДВ, односно 239.999,99 денари со 18% ДДВ.

**Член 3**

Исплатата на договорениот износ за превземените мерки на здравствена заштита, ќе се врши после нивното завршување, а по доставена фактура со придружна документација, во законски рок, од денот на доставата на фактурата.

**Член 4**

Активноста на спроведување на дезинфекцијата за погоренаведените два круга на гласање треба да овозможат целосна заштита и превенција од можноста заради со вирусот Ковид 19, и **да биде извршена на начин** кој ќе овозможи непречено одвивање на изборниот процес.

Извршителот се обрзува мерките за заштита од заразни болест Ковид 19 и третирање на просторот да ги изврши во согласност со законските прописи и подзаконските акти кои ја регулираат оваа област на денот на потпишување на овој Договор.

**Член 5**

Мерките за заштита од заразни болести Ковид 19 **Дезинфекција** и третирање на просторот ќе се извршува пред и по 17 октомври 2021 год.прв круг на гласање и пред и по 31 октомври 2021 год. втор круг на гласање, целосно да биде спроведена со преземање на сите мерки за справување со Ковид пандемијата .

**Член 6**

Носителот на набавката **ЛИСА-КОМ МС ДООЕЛ** се обврзува да му предаде на нарачателот – Општина Ресен, писмен извештај или друг соодветен документ за превземените мерки.

**Член 7**

Доколку настанат недоразбирање помеѓу страните на овој Договор, а кои би се однесувале на неговото исполнување, истите ќе се обидат да ги решат спогодбено, а доколку неуспеат, за спорот ќе решава стварно и место надлежниот суд.

Во случај на спор надлежен е Основниот суд во Битола.

**Член 8**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |
| **ОПШТИНА РЕСЕН** | **ЛИСА-КОМ МС ДООЕЛ** |
| | **Кавадарци** |
| Живко Гошаревски | Митров Стојан |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН

Служба за дезинфекција,дезинсекција и дератизација ЛИСА-КОМ МС Кавадарци

# [STARS Slavco <stars_ddd@yahoo.com>]

Thu, 10/14/2021 12:54 PM

Република Македонија ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено | 14.10.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 2054 | 4 | |

---

**From:** [STARS Slavco <stars_ddd@yahoo.com>]
**To:** [Kristina Stojcevska <kristina.stojcevska@resen.gov.mk>]
**Cc:** [Sekretar Resen <sekretar@resen.gov.mk>, Dijana Kremsovska <dijana.kremsovska@resen.gov.mk>, Zuhra Aliovska <zuhra.aliovska@resen.gov.mk>, Ajlin Mefail <ajlin.mefail@resen.gov.mk>, Dobrina Kulumovska <dobrina.kulumovska@resen.gov.mk>, zlatko chatalovski <zlatko.chatalovski@resen.gov.mk>, "gsbulent@outlook.com" <gsbulent@outlook.com>, Keti Cacorovska <keti.cacorovska@resen.gov.mk>, Tatjana Sekuloska <tatjana.sekuloska@resen.gov.mk>, "Mr. Nikola Shushevski" <nikola.susevski@resen.gov.mk>]
**Subject:** Re: ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА ЗА ТЕНДЕР СО ПРЕГОВАРАЊЕ
**Attachments:** [Прилог 1.docx 35.2 KB] [Прилог 2.docx 26.3 KB] [Документ за докажување на професионална способност - ДРД Образец.pdf 640.7 KB] [NOVO Resenie 2020 DDD.pdf 735.4 KB]

Pocituvani

Vi ja dostavuvame ponudata za Dezinfekcija

Srdecen pozdrav

Mr. Slavco Temov
director
STARS DOOEL export import
PEST Control
Skopje, Republic of Macedonia
www.stars.ddd.mk
phone: +389 2 32 98 588
+389 2 32 16 734
fax: +389 2 32 16 735
mobile: + 389 75 216 570
+ 389 70 216 570

On Thursday, October 14, 2021, 12:44:37 PM GMT+2, Kristina Stojcevska <kristina.stojcevska@resen.gov.mk> wrote:

**ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА**

ПОСТАПКА СО ПРЕГОВАРАЊЕ БЕЗ ПРЕТХОДНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА

ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА

**Дезинфекција на простории за гласање за спроведување на локални избори со соодветни средства согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесуваат на пандемијата**

**со Ковид – 19**

Почитувани,
ОПШТИНА РЕСЕН, со адреса на Плоштад „ Цар Самоил “ бр.20 , Ресен , телефон за контакт 046/262-493, факс 047/551770 има потреба од набавка на Дезинфекција на простории за гласање за спроведување на локални избори со соодветни средства согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесувааат на пандемијата со Ковид – 19 согласно спецификација прилог на оваа покана.
За таа цел, договорниот орган согласно 55 став 1 точка Г; став 6 и 9 од ЗЈН од Законот за јавни набавки, за набавка на Дезинфекција на простории за гласање за спроведување на локални избори со соодветни средства согласно утврдените здравствени протоколи кои се однесувааат на пандемијата со Ковид – 19 спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас преку достава на покани за учество во постапката.

Ве молиме, Вашата понуда за горенаведениот предмет на набавка во затворен плик на кој ќе биде назначен бројот на огласот (01/2021) да ни ја доставите најдоцна до 15.10.2021 год. во 12.00 часот (по локално време) по пошта на горната адреса /лично со поднесување во архивата на договорниот орган или по електронски пат во pdf/jpg формат на следната меил адреса: kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk
Дополнителни информации во врска со постапката која се спроведува може да добиете во Секторот/Одделението за општи работи.
Со оваа покана Ви доставуваме техничка спецификација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата. Понудите кои нема да ги содржат сите барани податоци наведени во образецот понуда и понудите кои ќе бидат доставени по крајниот рок назначен во оваа покана нема да бидат предмет на разгледување.

Однапред благодариме на соработката,

Со почит
Комисија за јавни набавки

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

---

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

- Сектор за нормативно-правни, управни работи и здравствено осигурување -

Врз основа на член 43-б од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09 и 149/14), а во врска со член 43 став 1 и член 43-а став 1 и став 3 од истиот закон, како и согласно член 2 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр. 124/15), во постапката поведена по барање бр. УП1 11-112 од 12.02.2020 година со дополнување под истиот број од 26 мај 2020 година, поднесено од Славчо Темов од Скопје, основач на Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за обновување на одобрението за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација издадено на друштвото, Министерството за здравство донесе

# РЕШЕНИЕ
## - обновување на одобрението за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација -

1.

СЕ ОБНОВУВА ОДОБРЕНИЕТО за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, на **Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, со седиште во Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20 и ЕМБС 4349555, кое продолжува да ја врши оваа дејност во простор со седиште во седиштето на друштвото, односно **Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20.**

Во вршењето на дејноста дозволена е употреба на препарати регистрирани во Република Северна Македонија согласно прописите од областа на хемикалиите.

Во вршењето на дејноста нема да се врши фумигација.

2.

Ова одобрение за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација се издава со **важност до 25 јуни 2025 година.**

3.

СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје да поднесе барање до Министерството за здравство за обновување на ова одобрение во периодот од три месеци пред истекот на рокот за кој е издадено.

Ако Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје не ја исполни определената обврска, ова одобрение за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација престанува да важи со истекот на рокот за кој е издадено, определен во точка 2 од диспозитивот на ова решение.

4.

Решението на Министерството за здравство бр. УП1 10-127 од 25.06.2015 година, со кое на Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште во Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20 му беше дадено одобрение за вршење на дејноста дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, во простор со седиште во седиштето на друштвото, односно Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20, со рок на важност до 25 јуни 2020 година, престанува да важи заклучно со 25 јуни 2020 година.

## Образложение

**I.** Славчо Темов од Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20 со ЕМБГ 1801972450088, основач на Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште во Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20 и ЕМБС 4349555, до Министерството за здравство барање бр. УП1 11-112 од 12.02.2020 година со дополнување под истиот број од 26.05.2020 година за обновување на одобрението за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, издадено на друштвото, во простор со седиште во седиштето на друштвото, односно Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20.

Барањето се однесува на обновување на одобрението на Министерството за здравство бр. УП1 10-127 од 25.06.2015 година, со кое на ова правно лице му е дадено одобрение за вршење на дејноста дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, во простор со седиште во седиштето на друштвото, односно Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20, со рок на важност до 25 јуни 2020 година.

Кон барањето е приложено: уплата, тековна состојба на правното лице од Централниот регистар на Република Македонија; имотен лист; скица на просторот; листа на опрема; преглед од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на пријави/одјави во задолжителното социјално осигурување заклучно со 26.05.2020 година. Доказите за кадарот, за д-р Методи Темов: диплома за завршен Медицински факултет, лиценца за работа во дејноста по епидемиологија, договор за работа и образец М-1/М-2, за Стефан Зотиќ: диплома за завршено средно медицинско образование со образовен профил за медицински лабораториски техничар, уверение за положен стручен испит, договор за работа и образец М-1/М-2 и за Маја Лашковска: диплома за завршено средно медицинско образование со образовен профил за медицински лабораториски техничар, уверение за положен стручен испит, договор за работа и образец М-1/М-2, иако доставени во фотокопија, се дел од списите во предметот во кој е донесено горенаведеното решение на Министерство за здравство бр. УП1 10-127 од 25.06.2015 година, со кое на Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје му беше дадено одобрение за вршење на дејноста дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

**II.** Согласно членот 11 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија", бр. 66/04, 139/08, 99/09 и 149/14), заштитата на населението од заразни болести опфаќа општи и посебни мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречувањето на ширење и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите.

Вршењето превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места и други јавни површини е една од општите мерки кои се спроведуваат за заштита од заразни болести (член 12 став 1 алинеја 4). Дезинфекција, дезинсекција и дератизација, како посебна мерка за заштита на населението од заразни болести, можат да вршат и правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на него (членот 13).

Согласно член 43 од овој закон, дезинфекција, дезинсекција и дератизација можат да вршат здравствени установи и правни лица кои ги исполнуваат критериумите во однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација (став 1), а поблиските критериуми по однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација ги пропишува министерот (став 2).

Министерството за здравство ја оценува исполнетоста на критериумите во однос на просторот, опремата и кадарот за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација (член 43-а став 1). Одобрението за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација се издава за период од пет години и се обновува три месеци пред истекот на рокот за кој е издадено врз основа на претходно утврдена исполнетоста на условите за просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација (член 43-б).

Горенаведените одредби од членовите 43, 43-а и 43-б се пропишани со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, објавено

„Службен весник на Република Македонија", бр. 149 од 13 октомври 2014 година, а кој влезе во сила на 21 октомври 2014 година. Исто така, со член 19 од овој закон е пропишано дека здравствените установи и правните лица кои ги вршат работите на дезинфекција, дезинсекција и дератизација ќе ја усогласат својата работа со одредбите од овој закон и подзаконските акти кои произлегуваат од него во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на одредбите на овој закон.

Условите во однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење на оваа мерка се пропишани со Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација („Службен весник на Република Македонија", бр. 152/07 и 101/13). Со Правилникот за изменување и дополнување на овој правилник, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 101 од 17 јули 2013 година, а кој влезе во сила на 25 јули 2013 година, меѓу другото, пропишани се измени на дел од условите во однос на опремата и во однос на кадарот. При тоа, одредбата во однос на кадарот (со која се пропишува дека изведувачот на дејноста, кој врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација како општа превентивна мерка за заштита на населението од заразни болести, треба да има вработено најмалку еден специјалист епидемиолог, наместо, како што беше пропишано со основниот текст, најмалку еден доктор по медицина), согласно членот 8 од истиот правилник, отпочна да се применува три месеци од денот на неговото влегување во сила, односно од 25 октомври 2013 година.

По увидот во евиденцијата на Министерството за здравство на издадени дозволи за вршење на дејноста дезинфекција, дезинсекција и дератизација, се утврди дека Министерството за здравство за Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште во Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20 во однос за вршењето на дејноста дезинфекција, дезинсекција и дератизација ги има издадено следните акти:

- решение бр. УП1 10-54 од 30.03.2012 година, кое е престанато со важност, со кое се утврдуваше дека ова правно лице ги исполнува условите во однос на просторот, опремата и кадарот и му се даваше дозвола за вршење на дејноста дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, во простор лоциран во седиштето на друштвото, односно Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20, при што во тоа решение се утврдуваше и дека во вршењето на дејноста дозволена е употреба на препарати регистрирани во Република Македонија согласно прописите од областа на хемикалиите и дека во вршењето на дејноста нема да се врши фумигација;

- решение бр. УП1 10-127 од 25.06.2015 година, со кое е престанато со важност решението од 30.03.2012 година, со кое на ова правно лице му е дадено одобрение за вршење на дејноста дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, во простор со седиште во седиштето на друштвото, односно Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20, со рок на важност до 25 јуни 2020 година.

Второнаведеното решение е донесено по спроведена постапка заради усогласување на работата со одредбите од горенаведениот член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија", бр. 149/14) и подзаконските акти кои произлегуваат од него. Покрај давањето одобрение за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, во истото решение е утврдено и дека во вршењето на дејноста дозволена е употреба на препарати регистрирани во Република Македонија согласно прописите од областа на хемикалиите и дека во вршењето на дејноста нема да се врши фумигација. Согласно законските одредби за периодот на важност на одобрението и обврската за поднесување ново барање за негово обновување, одобрението е издадено со рок на важност до 25 јуни 2020 година, сметано од денот на решавање на правната работа за негово издавање, а на правното лице му се определи обврска да поднесе барање до Министерството за здравство за обновување на одобрението во периодот од три месеци пред истекот на рокот за кој е издадено, при што ако ова правно лице не ја исполни определената обврска, одобрението за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација престанува да важи со истекот на рокот за кој е издадено.

Согласно барањето на странката, решението од 25.06.2015 година е предмет на оваа постапка за негово обновување.

III. По повод барањето на Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за обновување на одобрението за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација, откако се утврди дека барањето е поднесено во законски определениот период од три месеци пред истекот на рокот за кој е издадено одобрението чие обновување се бара, како и по оценката писмените докази приложени кон барањето, овластена комисија на Министерството за здравство (д-р А. Агуши и д-р Л. Коцева) изврши и увид во просторот наменет за вршење на бараната дејност со седиште во Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20 и во **записникот од 15.05.2020 година** утврди дека согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести и Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а во врска со одредбите од Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија", бр. 145/10, 53/11 и 164/13), ова правно лице ги исполнува условите во однос на просторот и опремата за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, во објектот со седиште во Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20, со следната утврдена фактичка состојба во однос на просторот и опремата:

- **ПРОСТОР:**

Во записникот е наведено дека просторот е идентичен со просторот опишан во решението на Министерството за здравство УП1 10-54 од 30.03.2012 година, така што фактичката состојба во однос на просторот, во целина, е следната:

Објектот е со вкупна површина од 75 м$^2$, од кои:

- магацин за отрови со обезбедена проточна топла и студена вода - 22 м$^2$;
- просторија за техничка опрема и дел за заштитна опрема - 30 м$^2$;
- две административни простории - 20 м$^2$; и
- санитарен јазол и туш-кабина - 2 м$^2$.

Магацините за отрови се со соодветно обезбедена вентилација, пристапно обезбедени од влага, со обезбедени соодветни ознаки на производите. Подот е обложен со керамички плочки, обезбедена е студена и топла вода, централизирано греење.

- **ОПРЕМА**

Во записникот е наведено дека опремата, дадена на список како дел од списите во предметот, е усогласена со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација („Службен весник на Република Македонија" бр. 152/07 и бр. 101/13), така што фактичката состојба во однос на опремата, пренесена согласно доставениот список на опрема потврден со записникот, е следната:

- садови за подготовка;
- 15 рачни пумпи прскалки со сигурносен вентил за секој оператор за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (дел за дезинфекција и дел за дезинсекција);
- електричен апарат за микропрскање;
- грбна моторна пумпа за распрскување со додаток за запрашување;
- УЛВ уред TIFONE Citizen I CAT;
- друга ситна опрема;
- фрижидер;
- рачен фрижидер;
- шест товарни возила за транспорт на отрови и други средства за вршење на услугата дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- заштитна опрема - по два комплети заштитна работна облека, заштита за глава, очила, ракавици, заштитни обувки, заштитни маски со филтри;
- комплет за прва помош;
- упатство за прва помош во случај на труење;
- стетоскоп и апарат за притисок.

Дел од опремата се наоѓа наменските вкупно седум превозни возила.

- **КАДАР**

Врз основа на доказите приложени кон барањето за издавање на ова одобрение и врз основа на службената евиденција на Министерството за здравство, се утврди дека е исполнет

условот и во однос на кадарот, пропишан со Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација: еден специјалист епидемиолог и двајца медицински лаборанти - техничари, сите со заснован работен однос на неопределено време со полно работно време:

- д-р Методи Темов, специјалист по епидемиологија;
- Стефан Зотиќ, медицински лабораториски техничар;
- Маја Лашковска, медицински лабораториски техничар.

IV. Врз основа на вака утврдената фактичка состојба и списите во предметот, Министерството за здравство утврди дека Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште во Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20 и ЕМБС 4349555, ги исполнува условите во однос на просторот, опремата и кадарот за издавање обновување на одобрението за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, во простор со седиште во седиштето на друштвото, односно Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20, при што во вршењето на дејноста дозволена е употреба на препарати регистрирани во Република Македонија согласно прописите од областа на хемикалиите и во вршењето на дејноста нема да се врши фумигација.

Како правно лице на кое Министерството за здравство имаше издадено решение бр. УП1 10-127 од 25.06.2015 година за одобрение за вршење на дејноста дезинфекција, дезинсекција и дератизација заради спречување и сузбивање на заразните болести, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, во простор со седиште во седиштето на друштвото, односно Скопје, општина Центар, ул. Коста Кирков бр. 20, со рок на важност до 25 јуни 2020 година, ова одобрение на Друштвото за производство, угостителство, промет на големо и мало СТАРС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје согласно 43-б став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести, според кој одобрението се обновува три месеци пред истекот на рокот за кој е издадено врз основа на претходно утврдена исполнетост на условите за просторот, опремата и кадарот, начинот и средствата за вршење дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

